Информација

Членовите на ДПМК во подготовката на тестовите за матурскиот испит по македонски, албански и турски јазик и литература за испитните сесии јуни/август 2021 година се раководеа според скратените испитни програми.

Во содржината на тестот за матурскиот испит по македонски, албански и турски јазик и литература Комисијата подготви испитни прашања со кои ќе се проверуваат целите од испитната програма по постоечките способности.

И во испитните сесии кои следат, ќе се проверуваат знаењата и умеењата на учениците во предвидените способности кои се дел од испитната програма.

- **Способноста *книжевна анализа* ќе се проверува со прашања од**:
  - Теорија на литература;
  - Национална книжевност;
  - Светска книжевност.

Поставените барања кои ќе бидат дел од тест прашањата се содржани во испитната програма.

- **Способноста *читање со разбирање* ќе се проверува со прашања поврзани со**:
  - Два (2) текста со различни теми
- **Способноста *пишување* ќе се проверува преку пишување на 1 текст.**

Државната предметна матурска комисија ( ДПМК по македонски, албански и турски јазик и литература) одлучи, и за оваа испитна година, кандидатите ученици да имаат можност да изберат да пишуваат на една од две понудени теми, на самиот ден на испитот.

Темите на кои ќе треба да се пишува го опфаќаат општествено-социјалниот живот на човекот со акцент на сфаќањето на младите на посочените општествено-социјалните услови.

Учениците во пишувањето на текстот ќе треба:

- Внимателно да ги прочитаат насловот и насоките за да можат правилно да го разберат барањето на темата;
- Да ги користат насоките кои ги добиваат заедно со насловот и истите да ги распределат во композицијата на текстот (вовед; главен дел; заклучок);
- Да знаат дека одговорите на насоките се поврзани со критериумите за оценување.

Сугестии за пишување на текст може да се најдат и да се прочитаат на веб-страницата www.matura.gov.mk/www.dic.edu.mk во документите:

- Информираност за успешно полагање на матурскиот испит
- Сугестии за подобри одговори на прашањата од делот Пишување (за мајчините и странските јазици)

- Сугестии за подобри одговори на прашањата од тестот поврзани со способноста Пишување
- Упатство за пишување текст со дадени насоки.

- **Подрачјето јазик ќе се проверува со прашања од темите содржани во испитната програма.**

**Препорака за учениците – идни матуранти**

**Идните матуранти:**

- не треба да препишуваат и не треба да дозволат друг да препишува од нив;

- не треба да користат туѓи (веќе напишани од друго лице) текстови или реченици;

- не треба да преземаат готови информации од различни извори, дури и ако се работи за познати мисли од некоја книга, од некоја личност - тоа се смета за литературна кражба - плагијат. За секој преземен текст ќе треба да се наведе изворот.

Во процесот на прегледување на тестовите оценувачите се тие кои ќе го воочат тоа, па во таква ситуација целиот тест ќе се вреднува со 0 поени.

Поставените материјали на нашата веб-страница www.matura.gov.mk или на www.dic.edu.mk кои се однесуваат на наведените наставни предмети учениците ќе може да ги користат за успешна подготовка на матурскиот испит, заедно со насоките кои учениците ги добиваат од своите професори во наставниот процес.

Во интерес на успешна реализација на испитот и на остварување подобри резултати, ве информираме дека со прашања и сугестии ќе можете да се обраќате на координаторите за матура од ДИЦ, задолжени за овие наставни предмети на следнава веб-страница majcinjazik@dic.edu.mk .